Согласно член 30 од Законот за локална самоуправа и Измени и дополнување на Програмата за култура на Општина Битола за 2023 ( „Службев гласник на Општина Битола“ бр.1/23 од 24.01.2023) Општина Битола распишува:

# ЈАВЕН ПОВИК
## за избор на идејно решение за новогодишно украсување на градот

Повикот е наменет за сите креативни граѓани, здруженија на граѓани и фирми, кои можат да креираат и да понудат идејно решение за новогодишно украсување на градот за Новата 2024 год. и тоа на следните локации:

- Старата чаршија,
- Широк Сокак од Саат кула до ул. „Партизанска“
- сите кружни текови во градот

Секој учесник, односно група на учесници може да учествува во повикот со поднесување на идејно решение за сите локации горе спомнати. Идејното решение се доставува на електронската адреса: **culture@bitola.gov.mk** најдоцна до **15 мај 2023 година (15:30 часот).** Во прилог на идејното решение потребно е да бидат наведени податоци за подносителот - име и презиме, контакт телефон.

**Основни технички барања:**

Понудувачот согласно расположливите материјали кои ќе можат да се набават/изработат во државата, ќе треба да достави скици со изглед, димензии, бои, тип и моќност на светлосен детал прицврстен на украсот/групата на украси, можност за приказ на слики во електронска форма на изработениот украс/група на украси за соодветната локација, предмер-пресметка за материјалите и работните активности со реални цени на пазарот и сл.....

**Критериуми за избор:**

- идејните решенија треба да бидат уникатни и да имаат концепт,
- да бидат креативни и да не потсетуваат на веќе изведени решенија,
- да бидат лесно изводливи и да не бидат скапи за изведба,
- декоративните елементи и украси кои треба да се приклучат на струја да бидат опишани од технички аспект (материјал, активност и време на изработка, начин на прицврстување/монтажа, маса, моќност на потрошувачка, начин на електрично поврзување и степен на заштита).

Пристигнатите идеи ќе бидат разгледувани од страна на посебна Комисија формирана за оваа намена од страна на Градоначалникот на Општина Битола , а најдобрите 3 решенија ќе бидат парично наградени

-Прва награда   180.000 ден
-Втора награда   80.000 ден
-Трета награда    40.000 ден

Со исплата на наградите Општина Битола се стекнува со право да ги користи целосно или делумно понудените идеи.

Силно веруваме во креативниот потенцијал на нашите граѓани и во нивната желба и подготвеност, заедно со Општина Битола да учествуваат во новогодишното украсување на градот .

Бр. 41- 140/2
05.04.2023

ОПШТИНА БИТОЛА